



ОПШТИНАТА ПРЕД ОЧИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ



































ДЕЛЧЕВО

ОТЧЕТ ДВЕ ГОДИНИ ЛОКАЛНА ВЛАСТ 2021-2023







Почитувани сограѓани,

Пред вас е отчетот од моето работење како градоначалник во првите две години од вториот мандат. На овој начин, со пишан збор и фотографии, сакам да ја доловам сликата и резултатите од работењето како градоначалник со поддршка на мојот тим од Општина Делчево со цел да остане запаметено сето тоа што го создававме, сите проекти кои ги реализиравме и со кои, верувам, дека имавме влијание во подобрување на квалитетот на животот на секој поединец, на секој граѓанин на Делчево.

Да се работи за Делчево и за моите сограѓани е чест и привилегија, но и голема обврска која мотивира бескомпромисно да се вложуваш и да создаваш подобар квалитет на животот на своите сограѓани.

Поминуваме заедно тежок период обременет со здравствена, но и енергетска и економска криза. Соочени бевме со огнена стихија која уништи дел од нашето шумско богатство, но и со поплави кои предизвикаа големи штети на инфраструктурата во градот, но и штети по имотот на граѓаните. Но, секогаш сме исправени пред предизвикот и не застануваме, туку напротив, одговараме онаму каде што е неопходно и продолжуваме да работиме максимално посветени со цел да ги решиме проблемите.

Како градоначалник и со поддршка на мојот тим, изминативе 24 месеци, како период во кој се прави пресек во работата, ги искористивме посветувајќи се на дореализација на започнатите проекти, но и подготовка за реализација на нови кои ќе донесат подобар квалитет на животот во Делчево.

Во овие 24 месеци локална власт, обезбедени се инвестиции во висина од над 420 милиони денари не сметајќи ја овде првичната вредност од тековниот проект за подобрување на водоснабдувањето од 7,3 милиони швајцарски франци. Овие средства сами не се одработуваат, потребна е тимска и макотрпна работа и максимална посветеност. Затоа, изразувам благодарност до вработените во Општина Делчево за нивната посветеност и одговорност во подготовката на потребната техничка документација и реализацијата на проектите, за нивниот ангажман и прекувремената работа.

Секогаш треба да наоѓаме добар извор на мотивација со поставување одредени цели и планови како да успееме во тоа. Ништо во животот не доаѓа без вложен труд, дисциплина и континуитет. Без тоа, ништо не успева. Победниците се разликуваат од губитниците по тие квалитети. На небулозите и манипулациите креирани од безидејни партиски кујни одговараме со проекти и резултати и дела.

И во наредниот период продолжуваме по истиот терк-за да ја остваримe нашата визија **Делчево –европско со сите нишани и задоволни граѓани.**

Со почит,
Градоначалник на Општина Делчево
Горан Трајковски

ОПШТИНАТА ПРЕД ОЧИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

- Исплатени студентски и ученички стипендии и награди: 780.000 денари.
- Исплатен надоместок за новороденчиња: 448.000 денари.
- Еднократна парична помош: 1.358.000 денари
- Исплатен надоместок за првачиња: 970.000 денари
- Исплатен надомест за одземен имот: 3.093.000 ден
- Исплатени стари обврски во износ од 850.000 ден.
- Исплатени 4 рати од кредитот за детската градинка во износ од 4.000.000 денари
- Исплатени капитални расходи: 72.100.000 ден
- Одржување улици и патишта: 4.000.000 ден.
- Исплатен надомест за работата на советниците во Советот: 5.109.629 ден

ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА

- Потпишавме Декларација за отвореност, отчетност и транспарентност на Локалната самоуправа. (Иницијативата на Фондацијата „Метаморфозис" во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)).

- Општина Делчево се наоѓа на високото 6 место од сите 98 институции во државата по исполнување на обврските за активна транспарентност за 2023 година, според Индексот на активна транспарентност од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите, а активната транспарентност на Општина Делчево во 2023 година изнесува 97,1 % (од можни 100 %).

- Според ЦЕА -Индексот на буџетска транспарентност, Општина Делчево е во топ 13 општини со 14 индексни поени што е подобрување за 1 поен во споредба со минатата година.

- Интензитетот на даночна транспарентност за 2021/2022 Општина Делчево е оценета со 55% и Општина Делчево е во групата општини со висок степен на даночна транспарентност.

- Побарани и целосно одговорени 70 барања за информации од јавен карактер.

- Потпишавме Колективен договор за вработените во општинската администрација со што вработените за прв пат добиваат Колективен договор на ниво на работодавец.

- Легализацијата на бесправно изградените објекти согласно законските решенија од 2011, 2016 и 2018 г. во Општина Делчево е во завршна фаза. Од вкупно поднесените 3.769 барања за легализација, остануваат уште 483 предмети кои се со некомплетна документација и се чека на сопствениците да ги достават потребните документи, а во постапка се уште 60 предмети.
- Воведена нова социјална мерка, еднократна парична поддршка во висина од 10.000 денари за семејства кои ќе згрижат дете без родители или родителска грижа. На тој начин, како Општина даваме поддршка на хуманата мисија на овие семејства.
- Се изработува Стратегија на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор
- Одржани буџетски форуми – Во соработка со Здружението Регионален центар за застапување, а со финансиска поддршка на Општина Делчево, ќе се одржат 3 буџетски форуми во насока на транспарентно креирање на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година и со цел собирање на приоритетите на граѓаните.
- Општина Делчево преку ЗЕЛС е дел од регионалниот проект „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“ кој го спроведува Мрежата на асоцијации на локални власти на ЈИЕ – НАЛАС, во соработка со ГИЗ Германско друштво за интернационална соработка во име на Сојузното Министерство за економска соработка и развој (БМЗ). Во рамките на проектот се спроведуваат активности за зајакнување на капацитетите за примена на социјално мапирање и принципот „Не оставајте никого зад себе“ (LNOB) со цел идентификување на потребите на ранливите лица; спроведување социјално мапирање и истражување со цел идентификација на потребите и проблемите на ранливите лица, лицата со попреченост; препораки и предлог мерки/услуги неопходни за задоволување на потребите на лицата со попреченост; интегрирање на препораките засновани на докази и предлог мерки/услуги во локалните политики; поддршка за проширување на услугите за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, со посебен фокус на жени и девојки со попреченост.
- Отпочна II фаза од реализацијата на проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ за вклучување на 12 лица со попреченост од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација, во рамките на центарот за дневен престој за лица со попреченост Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи.
- Лиценца за овластени даватели на социјални услуги обезбедија ЗГ „Бравура кооператива“ и ОО на Црвен крст кои ќе даваат услуги во домот и услуги во заедницата. Со поддршка на Општина Делчево, ЗГ „Бравура кооператива“ се здоби со лиценца за давање услуги за рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост.

- Преку проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“ изработена е дигиталната платформа преку која жителите на Источниот регион ќе можат електронски да поднесуваат барања. Главната цел на проектот е да се овозможи преминување во вториот чекор во дигитализацијата на општинското работење со олеснување на пристапот до општинските услуги за приближно 160.000 граѓани и бизниси, преку дигитализација на дел од општинските услуги кои што се најбарани и најкористени во сите 11 општини од Источниот плански регион.

Платформата може да се користи со најава на eservices.eastregion.mk



КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Обезбедени нови 1,9 милиони швајцарски франци за реализација на проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“. Со новото проширување на буџетот, Проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ носи инвестиција од над 9 милиони швајцарски франци и е најголема инвестиција во историјата на Делчево.

- СЕКО-Швајцарија донира 1,5 милиони швајцарски франци за изградба на новиот резервоар за вода Чука и дополнителна поддршка за коропоративен развој и зајакнување на управувањето на ЈКП „Брегалница“.

- МЖСПП обезбедува 335.000 шв. франци за изградба на водоводен систем во с. Вирче.

- Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“ обезбедуваат 55.000 швајцарски франци за покривање на трошоците за изработка на техничка документација, финансирање работи за куќни приклучоци во селата Габрово, Свегор и Вирче и покривање на трошоците за продолжениот корпоративен развој на ЈКП „Брегалница“.

- Во тек е изградбата на пречистителната станица за вода за пиење и нова административна зграда и лабораторија- реализирано 90%.





- Реконструкција на постојна комора за вентили и прекидна комора кај брана Лошана- реализирано 100%

- Изградба на нова прекидна комора под брана Лошана - реализирано 50%

- Изградба на пумпна станица на бунарско поле во Тработивиште и изградба на два нови бунари- реализација 100%

- Реконструкција на бунарско поле во Делчево и пумпна станица- реализација 100%

- Реконструкција на резервоарот Звегор за Делчево- реализација 98%

- Изградба на нова фотоволтаична централа во Тработивиште- реализација 100%



- Изградба на водоснабдителни системи во Звегор и Габрово- реализација 50%, треба да се завршат до крајот на годината, а корисниците да се приклучат во почетокот на 2024 год.

- Ажурирање на базата на податоци на корисниците- реализација 40%

- Воведено мобилно читање на состојбите на водомерите

- Изграден Центар за корисници на новиот градски пазар

- Надграден Системот за наплата и сметководство-реализирано

Наскоро започнува:

- Изградба на две нови комори за вентили на главната доводна цевка од Пречистителната станица во Тработивиште до Делчево.

- Изградба на нов резервоар Чука.

- Започна изградбата на новата детска градинка во населбата Расадник во Делчево со која ќе се опфатат 130 дечиња што значи инвестиција во раниот детски развој, прифаќање на сите дечиња во претшколско образование. Вредноста на проектот со ДДВ е 60 милиони денари обезбедени од Владата на РСМ преку МТСП, а дел од Буџетот на Општина Делчево.





- Делчево доби **современ градски пазар** кој ќе донесе развој на локалниот бизнис и ќе овозможи Делчево да го има приматот во пограничниот регион во меѓуграничната размена на стоки и услуги. Вредноста на проектот е 45 милиони денари. Од нив 50% се средства инвестирани од Општина Делчево , а останатите се преку Владата на РСМ од Агенција за финансиска поддршка на руралниот развој и Центарот за развој на Источно-планскиот регион.





- Го уредивме просторот околу **пазарот со 3.500 м2 паркинг и улица 6.1 , со цел кружно сообраќајно поврзување**. Вредноста на работите е околу 5 милиони денари, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево. Со овие градежни зафати, комплетно се решава инфраструктурата и сообраќајната комуникација на новиот градски пазар.







- Инвестираме 573 илјади евра преку Министерството за животна средина за подобрување на водната инфраструктура во Делчево. Со овие средства ќе се изгради регулација на речното корито во должина од 500 метри низводно до мостот на ул „Индустриска“ и реконструкција на каналот за наводнување.

- Реконструкција на салата и влезниот хол на Спомен-дом АСНОМ со што за прв пат по 40 години од изградбата има сериозна реконструкција со цел да се врати сјајот на културното место на културата во градот, а воедно се обезбедува и пристап за лицата со посебни потреби. Вкупната вредност на работите е 10.587.845 ден, средствата обезбедени преку Министерството за култура и Општина Делчево.





- Изградена првата атрактивна фонтана во центарот на Делчево. Фонтаната „Бесконечност“ е подарок од иселениците Виктор Коларски и Антонио Витановски, фирмата „Фротирка-компани“ Делчево и Општина Делчево. Вкупната вредност е 2.8 милиони денари.



- Во тек на изработка е техничка документација за водоснабдување на Голак, финансиски поддржан од Центарот на ИПР со 1.3 милиони денари и со сопствено учество на Општина Делчево. Вкупната должина на водоводната мрежа со главниот цевковод е околу 6 000 м.
- Во тек е изработка на нов ГУП на Општина Делчево

УЛИЦИ И ПАТИШТА

- Изграден е стариот локален пат Делчево-Тработивиште во должина од 5,3 км. со што жителите на селата Тработивиште и Разловци добија нова современа патна алтернатива до нивните домови и ниви. Исто така, реконструирани се и улиците „Скопска“, дел од „Орце Николов“ и критичната точка на ул „Острец“ со изградба на потпорен ѕид. Реализацијата на овие инфраструктурни проекти е во рамките на Проектот за подобрување на патната инфраструктура на МТВ со вредност од 48 милиони денари.





- За прв пат од изградбата, го реконструиравме локалниот пат за с.Стамер во должина од 1.3 км. Средствата во висина од 5,1 мил денари се обезбедени преку МТВ. Со оваа градежна интервенција се подобрува сообраќајната комуникација со селото, а се подобрува и безбедноста во сообраќајот.





- По повеќе од 37 години од изградбата е реконструиран регионалниот пат за с. Разловци. Вредноста на проектот е 50 милиони денари, средства преку Програмата на ЈПДП, а градежните работи ги извршуваше ЈП за одржување на регионални и магистрални патишта. Во рамките на реконструкцијата, нов асфалт е поставен на транзитните улици во с. Тработивиште, селскиот плоштад, како и плоштадот во с. Разловци.





- **Реконструкција на ул „Острец“** со вкупна должина од 600м. Вкупната вредност со ДДВ на овој проект е 3.169.333 ден. Од нив МТВ преку Стратегијата и Декадата на Ромите инвестира 931.973 ден, а Општина Делчево 2.237.360 ден. На оваа улица претходно се реконструираше и критичната кривина на улицата која денес е со проширен коловоз, тротоари, потпорен ѕид, изградена атмосферска канализација, а овој дел од улицата има и соодветно сообраќајно обележување.




- Реконструирана е **ул „Ванчо Прке“** во должина од 223 метри која е една од најфреквентните улици во населбата Втори Реон во Делчево. Вредноста на работите е 2,7 милиони денари, средства обезбеден и преку МТВ и Програмата за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите.




- Изградена нова улица „3“ во централното градско подрачје во Делчево во должина од 370 м. Вредноста на проектот изнесува 7.5 милиони денари од кои 5.2 милиони денари се обезбедени преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран преку Светска Банка. Останатите средства се обезбедени по пат на кофинансирање од Буџетот на Општина Делчево.



- Преку општинскиот буџет за изградба на локални улици и патишта во висина од 12 милиони денари, прв пат асфалт добија улиците:

- крак на ул „Кеј на Брегалница“





- ул „Грозданец“ во населбата Расадник,





- пристапна улица-крак на ул „Илинденска“
- потпорен ѕид на ул „Маршал Тито“
- изградба на потпорен ѕид на ул. „Острец“ во должина од 33 метри;

- Извршена е рехабилитација на земјоделски патишта во должина од 3,1 км со вредност од 3 милиони денари. Рехабилитирани се патишта во месноста Средни Бавчи, Долни Бавчи и земјоделскиот пат во с. Вирче- с. Град со што се одговори на приоритетите на земјоделците и се олесни пристапот до земјоделските објекти и површини.







- Обезбедени се средства за изработка на техничка документација **за изградба на кружни крстосници на три локации на булеварот „Македонија“**: крстосница на ул. „Индустриска“, ул.„Македонска“ и булевар „Македонија“; крстосница на ул.„М. М. Брицо“ и бул. „Македонија“; крстосница на ул. „Скопска“, ул.„М. М. Брицо“ и булевар „Македонија“. Вредноста на проектот е 1.995.480 денари, а средствата се обезбедени преку Фондот за техничка документација со поддршка на УНДП финансиран од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој.

- Изработивме Стратегија за подобрување на безбедноста во сообраќајот со Акциски план.

- Поставивме 227 сообраќајни знаци и опрема на сообраќајна сигнализација на новоизградените улици и патишта, како и на пофреквентните улици во градот, воведени зони со ограничена брзина на 30км/ч.
- Извршена е санација и бетонирање на патеките и платформата пред Спомен-дом АСНОМ со површина од 960м2.



Планирани проекти

- Реконструкција на дел од „Орце Николов“ и крак од оваа улица во должина од 260 метри
- Крпење на ударните дупки на сообраќајниците
- Регулација на речното корито на р. Брегалница (низводно и возводно)
- Проект за пристапна улица кон социјалната зграда во Делчево
- Проект за изградба на две улици: улица 3 и улица 5 во населба „Пролет“
- Проект за реконструкција на бул „Македонија“
- Проект за изградба на неколку улици во населба Свегорска Река
- Проект за изградба на две улици во населба Басарица
- Проект за ул „Голачка“ и др. улици во градот и населените места;
- Проект за регулација на река Габровчица 600м
- Реконструкција на пристапен пат од с.Тработивиште до Свети Води
- Довршување на реконструкција на ул. „Македонска“
- Изградба на улица „Разловечка“ – лев крак
- Изградба на ул.2 и 4 во Сервисна зона

Обезбедена техничка документација

- Изградба на фекална и атмосферска канализација на дел од населба „Пролет“
- Изградба на улица во село Стамер
- Изградба на улица во село Вирче
- Реконструкција на ул. „Велко Влаховиќ“
- Реконструкција на „Пере Тошев“
- Изградба на улица „Голачка“
- Изградба на краци од ул. „Драмечка“ и ул. „Света Троица“
- Изградба на ул. „Орце Николов“ 160м и краци од 210м во локалитет Шумски расадник

САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНА ИНФРАСТРУКТУРА ОД ПОПЛАВИТЕ ВО 2023

- Со поддршка на Владата и ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта се санираат улиците:

  - крак на булевар „Македонија“,
  - улица булевар „Македонија“,
  - мост на реката Брегалница,
  - дел од улица „Голачка“,
  - дел од улица „Иво Лола Рибар“,
  - дел од улица „Јане Сандански“







- Завршена е санацијата на улица „Царевоселска“ во должина од 220 м и површинско одводнување на водата до постоечки сливни решетки и сливници.



- Инженерски тим од АРМ изврши санација на критичните точки на ендеците и водотеците.



- Се работи на санација на мостот на Црквенска Река.



ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈКП „БРЕГАЛНИЦА“ И ТППЕ ДЕЛЧЕВО ЗА САНИРАЊЕ НА ШТЕТИТЕ ОД НЕВРЕМЕТО

Екипи на ЈКП „Брегалница“ и на ТППЕ Делчево работеа на санирање на последиците од невремето коешто го зафати на Делчево на 8 јуни 2023 г.

- ТППЕ Делчево вршеше испумпување вода од дворовите и подрумските простории во населба „Пролет“, во погоните на АД Фротирка-Компани, Фондот за здравство, на ул „Маршал Тито“, крак од бул „Македонија, ул „Рударска“, ул „Никола Карев““,„Кирил и Методиј“, ул „Григор Прличев“, „Крушевска„, ул „Индустриска“ и други објекти. Исто така, се вршеше прочистување на атмосферската и канализациската мрежа и перење на улиците „Маршал Тито“, „Царевоселска“.

- Екипи на ЈКП „Брегалница“ работеа на расчистување на наносите од камења, песок и кал; оспособување на патиштата за непречено одвивање на сообраќајот на критичните улици во населбите, рачно и машинско отстранување на наносите од кал и песок, чистење одводни канали, санирање пропусти и отстранување наноси од водотеци, санирање атмосферски канали и др. интервенции на оштетената инфраструктура.







ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

- Инсталирани 90 лед -светилки во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран преку Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), во висина од 1,4 милиони денари.



- Во тек е изработка на Стратегија за енергетска ефикасност на Општина Делчево, со поддршка на ХАБИТАТ-Македонија;



- Инсталирани се фотоволтаици во СОУ „М.М.Брицо“ (инвестиција преку Фондација отворено општество Македонија).



- Издадени одобренија за изградба на 6 фотонапонски централи поставени на земја со вкупна инсталирана моќност од 4.746 KB.

- Издадени 5 решенија за фотонапонски панели на кров со вкупна инсталирана моќност од 947 KB.

- Искуството на Делчево од придобивките од инвестициите во обновливите извори на енергија кои имаат голем потенцијал да ја намалат енергетската сиромаштија, како и предизвиците на Делчево, беа презентирани на МЕФ-Енергетскиот форум 2023 кој се одржа во Скопје.



- Во Делчево на 4 јавни објекти се поставени фотоволтаични централи: општинска зграда, двете основни училишта и СОУ „М.М.Брицо“.






- Градскиот парк добива енергетски ефикасно осветлување со што ќе се подобри осветлувањето во централното градско подрачје, но ќе се бележи и значителна заштеда. Иницијативата е финансиски потпомогната од Мрежата за рурален развој на Македонија преку Проектот за поддршка на заедницата УСАИД. Вкупната вредност на проектот е околу 2. 500 000 денари.




РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО ДЕЛЧЕВО

- Реконструирана е водоводната мрежа во три населби во Делчево со вкупна должина од 4,5 км.: дел во Ново Делчево во должина од 1.8 км, дел во населбата Милково Брдо во должина од 2,3 км, замена на потисен цевковод во должина од 450 м. Вредност на проектот е 18 милиони денари, средства во висина од 15 милиони се обезбедени од МТВ, а 3, 5 милиони од Општина Делчево.





- Реконструирана е водоводната мрежа на улиците „Солунска“, „Ванчо Прке“ и „Острец“ со вкупна должина од 800 метри. Инвестиција од 3,1 милион денари преку МТВ.





- Преку МТВ и Програмата за поддршка за имплементација на Декадата и Стратегијата на Ромите се реконструираше дел од дистрибутивната мрежа во Делчево- зона обиколен цевковод-крак 4 на дел од ул „Плачковица“ во должина од 400 м . Вкупната вредност на проектот е 2,3 милиони денари.



- Во соработка со ЈКП „Брегалница“ се врши приклучок на домаќинствата на новите водоводни линии.



- Изградена е нова водоводна мрежа во населба „Пролет“ во должина од околу 400 м. со што сите новоизградени објекти во населбата имаат можност да се приклучат на градскиот водоводен систем. Инвестицијата е на Општина Делчево.



- Поставена е нова водоводна линија на новиот градски пазар и околните парцели во должина од 200 м.



- Поставена е и инсталација за атмосферска канализација на улицата кај новиот градски пазар во должина од 300 м.



- Продолжува проектот за санација и уредување на јавните чешми: нов лик доби познатата чешма над с. Свегор покрај магистралниот пат за соседна Бугарија.

ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ



- Изградена е конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо“. Инвестиција на училиштето вредна 3, 5 милиони денари.



- По 70 години од изградбата се реконструираа училници и санитарни чворови во ПУ на ООУ „Св.Климент Охридски“ во с. Тработивиште. Средствата во висина од 1 милион денари се обезбедени преку Програмата РОМАКТЕД фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво од Совет на Европа и од Европска Унија.





- Во ООУ„Св.Климент Охридски“ е извршена преадаптација на поткровниот простор во училиштето и негова пренамена за библиотека-медијатека, простории за музичка секција и ликовна секција финансиран од МОН во вредност од 4,3 милиони денари.



- Во ООУ „Св.Климент Охридски“ е отворена сензорна соба за потребите на учениците со посебни потреби. Заедничка инвестиција на училиштето, општествено одговорни фирми и поединци.



- Реконструкција на санитарните јазли во ООУ „Ванчо Прке“, промена на водоводната инсталација, поставување нова санитарна опрема и плочки во сите 12 тоалети во училиштето, а се изградија и два тоалети за ученици со посебни потреби. Вредност на проектот е 6,8 милиони денари инвестиција преку МОН.



- Во ООУ „Ванчо Прке“ е изградена енергетско-ефикасна фасада на училиштето. Средствата во висина од 5,1 милион денари се обезбедени преку Договорот со ТАВ.



- Во ООУ „Ванчо Прке“ е изградено инклузивно игралиште „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, финансиран од Европската Унија во висина од 307. 500 ден. Поддршката од Општина Делчево за овој проект е околу 120. 000 ден.




- Во двете основни училишта, се опремени кабинетите по природни науки во рамките на **проектот на МОН.**



- Во ЈЛБ „Илинден“ отворено детско катче и инвестиции во подобрување на условите за чување на библиотечниот материјал во износ од 130.000 ден.

- Набавени нови наслови во ЈЛБ „Илинден“ во вредност од 560.000 ден.



- Во детската градинка „Весели цветови“ перманентно се набавуваат нови дидактички материјали и играчки, а се инвестира и во подобрување и осовременување на условите за престој на дечињата.

ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

- **Исчистени се дивите депонии:** депонијата за градежен шут Ралова Чука, депонија во с. Град, депонијата под Попов Мост, депонија кај Тработивиште, депонијата кај мостот на улица „Индустриска“. Чистењето на депониите е во рамките на ЕУ-проектот „Затворање непрописни депонии/ѓубришта од Источниот и Североисточниот регион“ со кој е предвидено затворање на нестандардните и дивите депонии во регионот. Проектот се реализира преку Министерство за животна средина.



- Следува посипување на депониите со хумусна почва и затревување на исчистената површина
- Ќе се реконструира градската депонија „Острец“, каде ќе се стават канали за исцедок и целосно ќе се огради со цел да се превенира од недозволено влегување на луѓе и животни.
- Исчистени се водотеците, ендеците и речните корита во градот
- Засадени украсни садници по должината на булеварот „Македонија“



- Со поддршка на ПАКОМАК, поставени контејнери за селектирање отпад. Во периодот 2022-2025, ќе се дистрибуираат 260 зелени пластични канти од 120 л за собирање ПЕТ-амбалажа и 20 зелени пластични контејнери за собирање стакло, а ќе бидат реализирани и кампањи за подигање на јавната свест во врска со целите и придобивките од собирањето и селекцијата на отпадот од пакување.



- Набавени и распоредени 169 контејнери со зафатнина 1,1 м3 преку проектот „Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источен и Североисточен плански регион" финансиран со средства од ИПА- програмата за регионален развој на Европската Унија.



- Организирани еколошки акции по повод Денот на пролетта.





- Јавните институции во градот, вклучително и од Општина Делчево се ослободија од застарениот и неисправен електронски отпад со цел спроведување на концептот „Нула отпад“.



- Маркирана патеката за локалитетот Светите води која започнува од село ТРАБОТИВИШТЕ 650 м.н.в. со највисока точка КОТА 770 м.н.в. и крајна цел СВЕТИ ВОДИ 735 м.н.в. на планината СРЕДНА. Должината во еден правец е 4.5 км.односно во двата правци 9 км. Проектот го реализираше ПСК „Голак“ со поддршка на Општина Делчево.

ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

- Донација од две противпожарни возила и опрема за делчевските пожарникари од Доброволната противпожарна бригада во Општина Чрномељ, Република Словенија.
- Донација на две професионални противпожарни скали за интервенции на високи објекти за потребите на ТППЕ Делчево.





- Делчево беше домаќин и на 9. Стручен собир на пожарникарството кој беше во организација на Организацискиот одбор составен од професионалци –пожарникари, Министерството за внатрешни работи и Општина Делчево.



РОДОВА ЕДНАКВОСТ



-Изработена нова Стратегија за родова еднаквост и акциски планови за родова еднаквост.

-Годишни програми за родова еднаквост.

-Родова сензибилизација на три локални програми: Програма за родова еднаквост, Програма за социјална заштита, Програма за односи со јавност и промоција на Општина Делчево.

-„Со розово за женското здравје“- активност на КЕМ и ЈЛБ „Илинден“ за подигање на свеста на жените за редовни контроли на дојка.

-Иницијатива на КЕМ: воведени редовни ехопрегледи на дојка во Здравствениот дом „Гоце Делчев“.

- Потпишана Декларација за поддршка на женското претприемништво и поддршка на Националната платформата за женско претприемништво.

- Во соработка со НВО КХАМ се реализираше проектот „Стој цврсто за родова еднаквост-(Kvinna till Kvina Foundation).

- Во партнерство со Здружението ЖЕНА се реализира Проектот: Облечи розово-облечи самодоверба (Амбасада на Република Франција во РСМ)



ЗА МЛАДИ

- Организирана хуманитарна акција насловена „Новогодишна трпеза за сите“

-Средби со учениците од училишните заедници во основните и средното училиште со цел утврдување на приоритетите и интересите на младите во Општина Делчево

- Спроведена анкета на повеќе од 200 млади лица од 15 до 29 години за оценување на потребите на младите во Делчево.

- Организирање пинг-понг турнир во машка и женска конкуренција во пресрет на одбележувањето на Денот на ослободувањето на Делчево, 7 Септември и Денот на независноста на Република Северна Македонија, 8 Септември.

- Општина Делчево потпиша Меморандум за соработка со Коалиција на младински организации СЕГА за спроведување на прокетот „Младите може да бидат слушнати“.

-Во партнерство со РЦЗ се спроведе проектот „Младински глас за локална акција“ во периодот 2022/2023 при што беа опфатени 100 млади од регионот.







ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

- Поддршка во работењето на Здружението на пензионери во Делчево
- Поддршка во санација на штетите од поплавите на Пензионерскиот клуб во Делчево
- Поддршка за организирање Регионални пензионерски спортски игри во Делчево
- Поддршка на приватна инвестиција за дом за грижа и нега на стари лица во с. Тработивиште.
- Преку Општинско – корисна работа за проектите „Грижа за стари лица и лица со попреченост" и „Социјални услуги за сите" опфатени 64 крајни корисници-стари и изнемоштени лица и 12 лица со попреченост.



ПРОГРАМА РОМАКТЕД:

- Подготвен Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската етничка заедница во пост-КОВИД период на локално ниво Општина Делчево со период на имплементација 2023 -2024 година
- Подготовен Акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница за период 2023 година до 2026 година;
- Во тек е подготовка на Стратегија за кризен менаџмент на општинско ниво за период 2023 година -2026 година;
- Во тек се обуки за јакнење на капацитетите на општинската администрација во делот за подготовка на проекти од ЕУ/ИПА -фондовите за општините.
- Изработка на Стратегија и План за видливост на проектите од Програмата РОМАКТЕД-2.
- Инвестиција од 1.000 000 ден. во ПУ „Св.Климент Охридски“ во с. Тработивиште за подобрување и осовременување на условите за настава.

КУЛТУРНИ НАСТАНИ





Делчево-фест и Пијанечко-малешевска свадба



Голачки фолклорни средби





Делчево домаќин на државната свеченост по повод 7 Мај-Денот на македонската полиција



Промовирана „Собата на Димитар Узунски“



Концерти во рамките на Делчевско културно лето 2022/23



Одбележан Ден на Ромите во Делчево

Настани по повод 7 Септември-Свечена седница-општински признанија на донаторите за помош на Делчево во борбата со поплавите 2022/23








Промоција на монографијата од Драган Арсовски и Софрон Ѓеоргиевски „Паметници на Царево Село-цркви и манастири и сведоштва на царевоселци“






Одржана традиционалната манифестација „Пијанечки денови на сливата“






Априлијада 2023




Традиционална манифестација „Велигденска изложба 2023“




Традиционалниот локален обичај под маски Свегор 2022/23

За прв пат во градскиот парк поставени новогодишни украси и фигури и дрвени кукички наменети за угостителска-трговска дејност.






СПРОВЕДЕНИ НЕКОЛКУ ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ

- Доделени хуманитарни пакети по повод велигденски и рамазанските празници





- Евроамбасадорот Гир и градоначалникот Трајковски донираа хуманитарни пакети



- Традиционална хуманитарна акција на Општина Делчево и Компанијата „Зегин“ по повод новогодишните и божиќните празници






- Хуманитарната акција за помош на граѓаните во Украина




ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Советот на Општина Делчево беше конституиран на 03.11.2023 година и тој брои 15 членови, а претседател на Советот е Гоце Попов. Досега се одржани 27 редовни седници, 3 вонредни и 1 свечена седница. На одржаните 27 редовни седници, Советот разгледал и донел/усвоил вкупно 383 акти: одлуки – 202;-програми-43; извештаи-49; планови-15; заклучоци-10; мислења 6; барања-10; правилници-4; препорака-1; решенија-17; завршни сметки-12; измени и дополнувања на Буџет (ребаланс)-2; измени и дополнувања на програми-6; измени и дополнувања на ГПВ-6.

Улогата на Советот е клучна за работата на Општина Делчево и за проектите кои го носат развојот на Делчево.






ДЕЛЧЕВО



ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk